РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-342/1
2.5.2024 год.
ОХРИД

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕКТОРОТ

# ЗА РАБОТАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД

**ЗА ПЕРИОД**

**мај 2023 - мај 2024 година**

**Проф. Д-р Иван Бимбиловски, Ректор**

**Охрид, мај 2024**

## СОДРЖИНА

**1. ВОВЕД** ........ **1**

**2. НОРМАТИВНО-ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ** ........ **1**

**3. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** ........ **4**

**4. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** ........ **8**

4.1. ОБЈАВУВАЊЕ НА НАУЧНИ ТРУДОВИ ________ 8

4.2. РЕАЛИЗИРАНИ СТУДИСКИ ПОСЕТИ ОД НАШИОТ НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР...---------. ________ 9

4.3. УЧЕСТВА НА КОНФЕРЕНЦИИ ОД НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР ________ 9

4.4. ДРУГИ АКТИВНОСТИ /НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ........ **ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.**

4.5. ОДОБРЕНИ ПРОЕКТНИ ГРАНТОВИ И ПОДНЕСЕНИ ПРОЕКТНИ АПЛИКАЦИИ ________ 13

4.6. ЦЕНТАР ЗА ДИГИТАЛНИ УМЕТНОСТИ ________ 13

4.7. УИНТ ТЕСТ ЦЕНТАР ЗА ЕЦДЛ (EUROPEAN COMPUTER DRIVING LICENCE) ________ 13

**5. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ** ........ **14**

**6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** ........ **14**

**7. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ** ........ **16**

**8. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ** ........ **22**

**9. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА** ........ **23**

**10. СОРАБОТКА СО СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ СЕКТОР** ........ **23**

**11. СВЕЧЕНОСТИ И ДРУГИ НАСТАНИ** ........ **24**

# 1. ВОВЕД

Согласно член 99 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018, 178/21 и 58/24), ректорот е должен да поднесува годишен извештај за својата работа и работата на Универзитетот до Универзитетскиот сенат, Универзитетскиот совет и до основачот – Собранието на РСМ. Во насока на сублимирање на резултатите од претходната календарска година, ректорот го доставува овој извештај, со цел давање на краток но содржаен преглед на наставно-образовниот процес и научно-истражувачката работа на универзитетот, финансиските и правните работи, јавните набавки, меѓународната соработка и сл. Извештајот се однесува за временскиот период Мај 2023 до Мај 2024 година, односно третата година од мандатот на ректорот, проф. д-р Иван Бимбиловски.

# 2. НОРМАТИВНО-ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид (во понатамошниот текст: УИНТ/Универзитетот) е државен универзитет основан од Собранието на Република С. Македонија во 2008 година. УИНТ е регистриран во Централниот регистар на Република С. Македонија во јули 2009. Првиот Статут на УИНТ е одобрен од Собранието на Република С. Македонија во август 2010 година. По донесувањето на новиот Закон за високото образование во 2018 година, Универзитетот, согласно законската обврска, пристапи кон подготовка и усвојување на нов Статут, со цел усогласување на работата на Универзитетот со новите законски решенија. Новиот Статут на УИНТ беше усвоен на седница на Сенатот, а Собранието на РСМ донесе Одлука за давање согласност на Статутот на седница одржана на ден 16.05.2019 година („Службен весник“ бр. 96 од 17.05.2019 година).

## СЕДНИЦИ НА ТЕЛАТА НА УНИВЕРЗИТЕТСКО И ФАКУЛТЕТСКО НИВО

Работата на телата на универзитетско и факултетско ниво се одвиваше непречено согласно предвидентот со деловниците за работа на телата.

Сенатот на УИНТ во текот на периодот мај 2023- мај 2024 година одржа вкупно 11 седници. Во текот на својата работа Сенатот донесе вкупно 80 акти.

Ректорската управа на УИНТ во текот на периодот мај 2023- мај 2024 година одржа вкупно 14 седници. Во текот на својата работа Ректорската Управа донесе вкупно 119 акти.

Наставно – научниот совет на Факултетот за компјутерски науки и инженерство во текот на периодот мај 2023 – мај 2024 одржа вкупно 6 седници. Во текот на својата работа Наставно – научниот совет донесе вкупно 37 акти.

Наставно – научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност во текот на периодот мај 2023 – мај 2024 одржа вкупно 10 седници. Во текот на својата работа Наставно – научниот совет донесе вкупно 48 акти.

Наставно – научниот совет на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника во текот на периодот мај 2023 – мај 2024 одржа вкупно 10 седници. Во текот на својата работа Наставно – научниот совет донесе вкупно 42 акти.

Наставно – научниот совет на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика во текот на периодот мај 2023 – мај 2024 одржа вкупно 11 седници. Во текот на својата работа Наставно – научниот совет донесе вкупно 54 акти.

Наставно – научниот совет на Факултетот за информатички и комуникацсики науки во текот на периодот мај 2023 – мај 2024 одржа вкупно 7 седници. Во текот на својата работа Наставно – научниот совет донесе вкупно 39 акти.

## УНИВЕРАЗИТЕТСКИ СОВЕТ и ОДБОРИ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА

Универзитетски совет на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, врши надзор над извршувањето на дејноста на универзитетот, задачите на универзитетот, законитоста на неговото работење, рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси и врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на универзитетот. Во текот на извештајниот период мај 2023 – мај 2024 година Универзитетскиот совет, согласно надлежностите од Законот за високо образование, го разгледа Извештајот за работа на Ректорот, арх. бр. 01-444/1 од 14.08.2023 година и истиот едногласно го усвои.

Одборите за соработка и доверба со јавноста формирани на сите 5 (пет) факултети во состав на Универзитетот учествуваа во постапката за реакредитација на постоечките студиски програми и акредитација на нови студиски програми со доставување на позитивни мислења на елаборатите за реакредитација и акредитација на студиски програми.

## ФАКУЛТЕТСКИ СТУДЕНТСКИ СОБРАНИЈА И УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

Во периодот мај 2023 - мај 2024 година на Универзитетот е формирано Универзитетско студентско собрание . Универзитетското студентско собрание има одржано 6 седници. Во текот на својата работа Универзитетското студентско собрание донесе вкупно 23 акти.

Исто така на факултетите при Универзитетот формирани се факултетски студентски собранија на: Факултетот за компјутерски науки и инженерство, Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност, Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника и на Факултетот за информатички и комуникациски науки. Во текот на својата работа факултетските студентски собранија донесоа вкупно 28 акти.

Пред истек на мандатот на формираните факултетски студентски собранија и Универзитетско студентско собрание, во согласност со одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот, беа спроведени студентски избори по четврти пат со цел конституирање на студентските тела.

## СТУДЕНТСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Студентскиот правобранител е избран од страна на Универзитетскиот сенат на предлог на Универзитетското студентско собрание со мандат од 2 години (2024-2026). Студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива доколку увидел дека е повредено право на студент од страна на органите на Универзитетот или друг член на академската заедница на Универзитетот. Органите на високообразовната установа се должни да постапат по укажувањата на студентскиот правобранител. За својата работа студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до Сенатот на Универзитетот.

## ДЕКАНИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

Во извештајниот период се реализира втората година од мандатот на петте (5-те) декани на факултетите во состав на Универзитетот: Факултетот за компјутерски науки и инженерство, Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност, Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика, Факултетот за информатички и комуникациски науки  и Факултетет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, кои доставија годишни извештаи за својата работа за реалзиација на програмите за работа на деканите.

## РАБОТА НА КОМИСИИ

На УИНТ во периодот мај 2023 - мај 2024 година континуирано работат постојани комисии, составени од наставен и ненаставен кадар. Комисиите вршат различни активности за кои се задолжени со одлуката за формирање и за својата работа донесуваат предлози, анализи, извештаи, нацрт-акти и сл.

## БИЛТЕНИ

Во извештајниот период објавени се вкупно 14 (четиринаесет) изданија на Универзитетскиот билтен во кој се објавуваат усвоените општи акти, реферати за избори во звања и рецензии на учебници или учебни помагала.

## ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ

Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, од основањето во 2009 година, до денес, својата основна дејност – високо образование, ја изведува во седиште кое се наоѓа во недвижна ствар – зграда на Дом на армијата на Република Северна Македонија, на ул. Партизанска бб, 6000 Охрид, со вкупна внатрешна површина од 1465м2 (на КП бр.15503, КО Охрид 3, запишана во имотен лист бр. 103019) и земјиште запишано во имотен лист 931. Оваа недвижна ствар, и покрај фактичкото владение на најголем нејзин дел, формално-правно никогаш не е доделена на користење на Универзитетот.

Универзитетот се има обратено до Министерството за образование и наука, со барање за отпочнување постапка за обезбедување право на трајно користење на недвижна ствар за потребите на Универзитетот. По барањето сеуште се постапува.

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Универзитетот има воспоставено систем за заштита на личните податоци со назначување на офицер за заштита на личните податоци, овластени лица кои се за пристап до личните податоци  и назначи администратори на информацискиот систем. Универзитетот има донесено Полititка за воспоставување на систем за заштита на лични податоци со која се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки што Универзитетот, во својство на контролор, ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Универзитетот. Во насока за имплементација на Политиката за воспоставување на систем за заштита на лични податоци на Универзитетот има донесено општите акти со кои се воспоставени правилата за целосно функционирање на системот за заштита на личните податоци на Универзитетот.

## СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА

Универзитетот во извештајниот период презеде неколку значајни активности во врска со прашањето за пријавување корупција, како и за информирање и подигнување на свеста кај студентите и вработените за механизмите кои ги имаат на располагање во насока на спречување корупција во високото образование.

Овластеното лице за прием на пријави за корупција во текот на извештајниот период активно учествуваше на неколку работилници и конференција организирани од страна на Државната комисија за спречување на корупција во врска со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025. НССКСИ 2021-2025.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА

Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид на 04.01.2024 година направи измена на Комисија за спроведување на самоевалуацијата на УИНТ за периодот од 2023 до 2027 година. Комисијата за самоевалуација на редовна седница, одржана на 25 јануари 2024, направи план на активности за подготовка на Извештајот за самоевалуација, кој ќе даде слика за квалитетот на наставно-образовниот и научно-истражувачкиот процес на прв и втор циклус студии. Согласно упатството за спроведување на самоевалуацијата, а со цел изготвување на извештајот беше договорено да се соберат податоци за следните три години, академските 2022/23, 2023/24 и 2024/25 години. Во континуитет, продолжи да се спроведува анектирање за зимскиот и летниот семестар од секоја академска година. Материјалите собрани од страна на студентите во форма на анкета, комисијата континуирано ги обработува и анализира, а истите ќе бидат дел од следниот Извештај на комисијата за самоевалуација.

Последниот извештај за самоевалуација на УИНТ кој се однесува за академските 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 години, истиот беше одобрен од страна на Сенатот на Универзитетот во 2022 година и истиот е објавен на веб страницата на Универзитетот на следниот линк:

https://uist.edu.mk/wp-content/uploads/2022/10/Извештај-за-самоевалуација-на-УИНТ-септември- 2022-финален_Анекси_.pdf

# 3. НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

## - ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

На Универзитетот се спроведуваат тригодишни и четиригодишни студиски програми на прв циклус студии на следните факултети:

**<u>Факултет за компјутерски науки и инженерство</u>**

- Студиска програма: Компјутерски науки и инженерство, тригодишни студии, акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-293/7 од 27.10.2023 година.

- Во текот на извештајниот период поднесено е барање за реакредитација на студиска програма: Компјутерски науки и инженерство, четиригодишни студии.

**<u>Факултет за комуникациски мрежи и безбедност</u>**

- Студиска програма: Комуникациски мрежи и безбедност, тригодишни студии, акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-295/7 од 27.10.2023 година.

- Во текот на извештајниот период поднесено е барање за реакредитација на студиска програма: Комуникациски мрежи и безбедност, четиригодишни студии.

**<u>Факултет за применети информатички технологии, машинска интелигенција и роботика</u>**

- Студиска програма: Машинска интелигенција и роботика, четиригодишни студии, акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-301/7 од 25.10.2023 година.

- Студиска програма: Применети информатичко-комуникациски технологии „е-влада, е-бизнис, е-култура), тригодишни студии, акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 1409-309/5 од 27.06.2019 година.

**<u>Факултет за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника</u>**

- Во текот на извештајниот период поднесено е барање за реакредитација на студиска програма: Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, тригодишни студии.

- Студиска програма: Информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, четиригодишни студии, акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-294/7 од 25.10.2023 година.

**<u>Факултет за информатички и комуникациски науки</u>**

- Во текот на извештајниот период поднесено е барања за реакредитација на студиска програма: Дигитална бизнис аналитика, четиригодишни студии.

Во академската 2022/2023 година на прв циклус студии на Универзитетот запишани се вкупно 71 студенти додека во академската 2023/2024 година вкупно 135 студенти.

| Преглед на запишани студенти на прв циклус на студии по академски години | **2009/ 2010** | **2010/ 2011** | **2011/ 2012** | **2012/ 2013** | **2013/ 2014** | **2014/ 2015** | **2015/ 2016** | **2016/ 2017** | **2017/ 2018** | **2018/ 2019** | **2019/ 2020** | **2020/ 2021** | **2021/ 2022** | **2022/ 2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ИНЖЕНЕРСТВО | 25 | 44 | 34 | 50 | 41 | 61 | 66 | 42 | 39 | 34 | 46 | 32 | 35 | 39 |
| ФАКУЛТЕТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ | 25 | 23 | 38 | 27 | 36 | 36 | 31 | 10 | 14 | 7 | 8 | 3 | 2 | 7 |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И РОБОТИКА | 6 | 5 | 10 | 6 | 13 | 30 | 40 | 38 | 18 | 0 | 7 | 7 | 6 | 7 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА | 19 | 22 | 18 | 30 | 31 | 41 | 27 | 26 | 26 | 28 | 10 | 10 | 10 | 13 |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ НАУКИ | 0 | 3 | 2 | 0 | 8 | 12 | 18 | 8 | 6 | 25 | 8 | 7 | 5 | 5 |
| ВКУПНО: | 75 | 97 | 102 | 113 | 129 | 180 | 182 | 124 | 103 | 94 | 79 | 59 | 58 | 71 |
| Интернационални студенти стипендисти | 0 | 21 | 22 | 29 | 26 | 65 | 55 | 7 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| Студенти запишани преку конкурс (домашнии и странски) | 75 | 76 | 80 | 84 | 103 | 115 | 127 | 117 | 103 | 94 | 79 | 59 | 58 | 71 |

## - ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Универзитетот нуди едногодишни и двегодишни студиски програми на втор циклус студии на следните факултети:

**<u>Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика</u>**

- Студиска програма: Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци, двегодишни студии, акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-299/7 од 27.10.2023 година.

**<u>Факултет за комуникациски мрежи и безбедност</u>**

- Во текот на извештајниот период поднесено е барање за реакредитација на студиска програма: Информатички науки и технологии, едногодишни студии.

- Студиска програма: Информатички науки и технологии, двегодишни студии (60 ЕКТС кредити), акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-290/7 од 27.10.2023 година.

**<u>Факултет за компјутерски науки и инженерство</u>**

- Во текот на извештајниот период поднесено е барање за акредитација на студиска програма: Компјутерска техника и информатика, едногодишни студии.

**<u>Факултет за информатички и комуникациски науки</u>**

- Студиска програма: Дигитална бизнис аналитика, едногодишни студии, акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-300/7 од 27.10.2023 година.

Во академската 2022/2023 година на втор циклус студии на Универзитетот запишани се вкупно 5 студенти, а во наредната академска 2023/2024 година запишани се вкупно 16 студенти.

| | 2012 / 2013 | 2013 / 2014 | 2014 / 2015 | 2015 / 2016 | 2016 / 2017 | 2017 / 2018 | 2018 / 2019 | 2019 / 2020 | 2020 / 2021 | 2021 / 2022 | 2022 / 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Преглед на запишани студенти на втор циклус на студии по академски години | 4 | 5 | 12 | 16 | 2 | 3 | 8 | 8 | 6 | 3 | 5 |

- **ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

Универзитетот нуди тригодишна студиска програма: Информатички науки и технологии, акредитирана со Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, арх. бр. 08-409/7 од 27.10.2023 година

- **НАСТАВЕН КАДАР**

Наставата на Универзитетот се реализира од страна на наставно-научен и соработнички кадар избран согласно одредбите од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот. Вкупниот број на домашен наставно-научен, научен и соработнички кадар е резимиран во табелата подолу во текстот.

На текот на извештајниот период се изврши унапредување на две лица од соработнички во наставно – научни звања доценти. Во извештајниот период извршен е и избор на тројца демонстратори како помошници во наставниот процес. По спроведените постапки и извршените избори во звања, состојбата со наставниот кадар во мај 2024 година е следна:

**Домашен академски кадар на УИНТ**

| | **Наставно-научен** | **Научен** | **Соработнички** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 2016 | 6 | 2 | 15 | 23 |
| 2017 | 7 | 3 | 10 | 20 |
| 2018 | 8 | 3 | 10 | 21 |
| 2019 | 7 | 6 | 6 | 19 |
| 2020 | 15 | 0 | 4 | 19 |
| 2021 | 17 | 0 | 4 | 21 |
| 2022 | 19 | 0 | 2 | 21 |
| 2023 | 18 | 0 | 2 | 20 |
| 2024 (до мај) | 19 | 0 | 2 | 21 |

Состојбите со бројот на вкупниот академски кадар укажуваат на неопходноста и потребата од постојано обновување посебно во делот на соработничките звања како и во делот на наставно-научните звања со цел да се обезбеди континуитет и подобрување во квалитетот на образовниот и научниот процес на Универзитетот.

## 4. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Универзитетот успешно реализира научни проекти преку програмата на ЕУ фондови, во соработка со партнер универзитети и организации од земјава и странство:

- **Проект EU for Economic Growth (EU4EG) Project EU4EG_REGACC_1**
  Повик: **CALL FOR PROPOSALS TO DEVELOP REGIONAL BUSINESS ACCELERATION PROGRAMMES EU4EG REGACC 1**
  Тема: Developing of regional business acceleration programmes
  Период за релизација: 01.04.2022 – 31.12.2024
  Вкупен буџет за УИНТ: 50,000.00 EUR

- **Проект ARTICONF – smART SocIal media eCOsytstems in a blockchaiN Federated environment** (Паметен екосистем за социјални медиуми во заедничка блокчејн средина)
  Повик: **H2020-ICT-2018-2020. Horizon 2020 Framework Programme**
  Тема: ICT-28-2018: Future Hyper-Connected Sociality: Support of New Social Media Initiatives
  Период за релизација: 01.03.2019 – 01.09.2023
  Вкупен буџет за УИНТ: 137,375.00 EUR

- **Проект Еразмус + КА171**

  Еразмус + Клучна акција 1 Мобилност на наставен кадар помеѓу програмски и партнерски земји

  Период за реализација: во континуитет

- **Проект Еразмус + КА131**

  Еразмус + Клучна акција 1 Мобилност на студенти и наставен кадар

  Период за релизација: во континуитет

### 4.1. ОБЈАВУВАЊЕ НА НАУЧНИ ТРУДОВИ

Кадарот активно членува во мрежи како COST, ICGEB, IEAE, Horizon 2020, Horizon Europe и слични интернационални мрежи на истражувачи. Истражувачката работа и објавувањето на научни трудови продолжува и во 2023 и 2024 година. Во извештајниот период наставниот кадар на Универзитетот објавил вкупно 47 (четириесет и седум) трудови и публикации.

Вкупен број на објавени трудови **(49)**, добиен како сума на долунаведените ставки:

| | |
|---|---|
| Трудови со IF | 5 |
| Труд во меѓународно списание | 9 |
| Труд во домашно списание | 6 |
| Труд на научен собир со меѓународен одбор | 17 |
| Труд на домашен научен собир | 0 |
| Стручен труд | 6 |
| Поглавје од книга објавено во странство | 3 |
| Поглавје од книга објавено во земјава | 2 |
| Објавена книга/монографија | 1 |

| Вкупно | **49** |
|---|---|

- **РЕАЛИЗИРАНИ СТУДИСКИ ПОСЕТИ ОД НАШИОТ НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР**

✓ A. Karadimce attendet a workshop, which is part of the Train the Trainers IoT Security and Privacy course, facilitated by Mr. Yacoub Hanna, Ms. Nevena Stojakovic, and Mr. Randy Pestana. on September 20, 2023 in Seavus Education and Development Center (SEDC), 11th October St. 33a, Skopje 1000 MK, North Macedonia

✓ М-р Лина Милошевска Работен состанок на работна група 4 во рамки на COST акција CA20115 - European network on international student mobility – connecting research and practice (ENIS). 15 мај 2023, Будинпешта.

✓ М-р Лина Милошевска, Kick-off состанок на COST акција CA22126 - European Network On Lexical Innovation (ENEOLI), 06.10.2023 Брисел.

✓ М-р Лина Милошевска, Работен состанок на работна група 2 во рамки на COST акција CA21114 - CLIL Network for Languages in Education: Towards bi- and multilingual disciplinary literacies (CLILNetLE), 05 -06 март 2024, Елбасан.

✓ М-р Лина Милошевска, Состанок на management Committee meeting на COST акција CA22126 - European Network On Lexical Innovation (ENEOLI). 16-17 мај, 2024, Верона.

- **УЧЕСТВА НА КОНФЕРЕНЦИИ ОД НАСТАВЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР**

✓ Hadzieva E., Aesthetic Charms of Mathematics, 4th international conference Women in Mathematics in South-Eastern Europe, Sofia, Bulgaria, December 18-20, 2023. (physical presence)

✓ Hadzieva E. Mathematics is Lovely, VII Macedonian Mathematical Congress, June 27-30, 2023, Struga. Macedonia. (physical presence)

✓ Hadzieva E. Bringing Creative Interactions Between Mathematics and Art into the Classroom, presented at the International Scientific Conference OPEN MIND. NEW SPACES IN SCIENCE AND ART, June 6, 2023, Nowy Sacz, Poland. (online presentation)

✓ Hadzieva E., Bakreski J., A Mathematical Concept in Lens-Based Media: Revisiting the Golden Ratio, presented at the XXI International Scientific Conference The multidimensionality of the Education of the 21st century, Chlewiska, Siedlce, Poland, 05-06.06.2023 (online presentation)

✓ Surface Sampling, Vertex Manipulation and Surface Generation Based on WebGL Technologies, Danail Runchevski; Ustijana Rechkoska-Shikoska; Rasim Salkoski, 2023 7th International Symposium on Multidisciplinary Studies and Innovative Technologies (ISMSIT), 26-28 October 2023, DOI: 10.1109/ISMSIT58785.2023.10304951, IEEE Xplore: 08 November 2023, Ankara, Turkiye

✓ D. Mechkaroska, E. Domazet, E. Kica, A. Feta, A. Velkoska: IoT and IoT Blockchain Market Analyses and Benefits in Europe, EEPES 2023, AIP Conference Proceedings, Volume 3063, Issue 1 (2024), https://doi.org/10.1063/5.0196006, 21st-23rd June, 2023, Kavala, Greece. (Scopus database) (physical presence)

✓ E. Domazet, D. Rahmani, D. Mechkaroska: Blockchain Empowering Web 3.0: Decentralized Trust and Secure Transactions for the Future Internet, TELFOR, Nov. 2023, Belgrade,

DOI:10.1109/TELFOR59449.2023.10372778, https://ieeexplore.ieee.org/document/10372778/(physical presence)

- ✓ D. Mechkaroska, E. Domazet, Blockchain-Integrated Chatbot, ICICT, London, Fev. 2024, (in press) (physical presence)
- ✓ D. Mecharoska, E. Domazet, A. Feta, U. R. Sh.: Architectural scalability of Conversational Chatbot: The case of ChatGPT, FICCT, Berlin, April 2024 (in press) (physical presence)
- ✓ Floriana Doko, Teala Seferi, Fisnik Doko, Arbnor Rushiti, Anis Sefidanoski, AI: FROM BIG DATA TO NEW USER EXPERIENCE, 7th TSD, https://conference.unt.edu.mk/wp-content/uploads/2024/01/Book-Of-Abstracts-TSD-2023-December-2023-1.pdf
- ✓ Teala Seferi, Floriana Doko, Fisnik Doko, Arbnor Rushiti, Anis Sefidanoski, ACODING SCHEMAS FOR EDGE COMPUTING IN THE ERA OF AI, 7th TSD, https://conference.unt.edu.mk/wp-content/uploads/2024/01/Book-Of-Abstracts-TSD-2023-December-2023-1.pdf
- ✓ Arbnor Rushiti, Artan Luma, Ylber Januzaj, Azir Aliu, Halil Snopçe, Mitko Trpkoski, Anis Sefidanoski, Evaluation and Results of Research Ranking Platform for Academic Staff and Universities in The Republic of North Macedonia, ICHORA2024
- ✓ Anis Sefidanoski, Mitko Trpkoski, Metaverse: Clash of worlds and birth of new reality", Vodici 2023, http://iriss.idn.org.rs/2220/1/Milica%20Jokovic%20Pantelic%20-%20%20Skopje%202024..pdf
- ✓ MIPRO 2023, 46 ICT and Electronics Convention, Conference SMART INDUSTRIES AND DIGITAL ECOSYSTEMS, Sensor System for Real-time Water Quality Monitoring, E. Simonoska, D. Capeska Bogatinoska, I. Dimitrievski, R. Malekian
- ✓ XIII International Conference on Applied Internet and Information Technologies - AIIT 202; Faculty of ICT, Bitola, N. Macedonia, 13 October 2023 (physical presence). "Modeling in Social Systems meet Artificial Intelligence" Kalistrat Sandjakoski, Ljubinka Gjergjeska Sandjakoska.
- ✓ 21th International Conference on Informatics and Information Technologies, Strumica, North Macedonia, April, 19-20 2024 (physical presence). "From Bias to Fairness: Challenges in Artificial Intelligence Systems through a Social Systems Lens" Kalistrat Sandjakoski, Ljubinka Gjergjeska Sandjakoska.
- ✓ D. M., E. Domazet, A. Feta, U.R. Shikoska: Architectural scalability of Conversational Chatbot: The case of ChatGPT, FICCT, Berlin, April 2024.
- ✓ 9th International Scientific Conference – ERAZ 2023: Knowledge-Based Sustainable Development, June 1, 2023, Prague, Czech Republic, "Relationship between FDI Inflow and Unemployment Rate in the Case of the Former Yugoslav Republics" Dijana Capeska Bogatinoska, Jovanka Damoska Sekuloska, Angela Oncheva.

## 1.3. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

- ✓ Учество на Вонреден проф. д-р Јованка Дамоска Секулоска како надворешн соработник во меѓународен проект "Ekonomika starenja I poslovanja" EFOS_ZIP2023/2024-7 Scientific and research project supported by the Faculty of Economics in Osijek (2023-2024) Josip Juraj Strosmayer University in Osijek, Croatia.
- ✓ A. Karadimce "The power of social media tools in connecting researchers and practitioners" presentation on COST ENIS Virtual Summer School, September 2023, DOI: 10.13140/RG.2.2.17243.95528

- ✓ A. Karadimce "Artificial Intelligence and Business Intelligence in Service of Social Mobile Entrepreneurship" extended abstract in mPreneur project toolkit offers comprehensive resources, guidance, and practical tips to empower and equip young aspiring entrepreneurs to develop sustainable innovative mobile solutions for community challenges, October 2023. <available https://lnkd.in/dq5YAj-S>
- ✓ A. Karadimce, representative of UIST "St. Paul the Apostle", participation on MatchIn Summit 2023, Event by Startup Macedonia, 19-21 june 2023 in Metropol Hotel Ohrid https://www.facebook.com/events/614529837291259/
- ✓ A. Karadimce, with Startup Macedonia co-hosted the panel discussion "Empower the Green Economy for Eco-Friendly Energy" in Global Entrepreneurship Week North Macedonia on Friday (17.11.2023) from 13:00 in the UIST Amphitheatre.
- ✓ A. Karadimce, participated the Regional Awareness Raising Event "MSCA Staff Exchanges - Opportunities for Researchers (and other stakeholders) from the Western Balkans, The Marie Skłodowska-Curie Actions (MSCA) Staff Exchanges call opened 5 October 2023 and will close on 28 February 2024. https://lnkd.in/dz7CFQj7
- ✓ A. Karadimce, organizer of the Startup Weekend Ohrid 2024, Event by Startup Macedonia, 26-28 April 2024, in UIST "St. Paul the Apostle" - Ohrid https://swohrid.com/
- ✓ A. Karadimce, scientific reviewer for the WSEAS Transactions on Business and Economics (Scopus indexed)
- ✓ A. Karadimce, participant in the realization of the USAID's Critical Infrastructure Digitalization and Resilience program recognizes the need for North Macedonia to improve the quantity and quality of newly trained and educated cybersecurity graduates. During the project duration attended 6-week courses in:
- o IoT Security and Privacy (September 2023)
- o Cyber-Physical Systems Security of Critical Infrastructure (November 2023)
- o Digital Forensics (February 2024)
- ✓ Учество на проф. Елена Хаџиева на EWM General Assembly online meeting, септември 12 и декември 21, 2023 (онлајн)
- ✓ Hadzieva E. – moderator of a Round Table: Scientific and Professional Networks Involving Mathematicians, VII Macedonian Mathematical Congress, June 27-30, 2023, Struga. Macedonia.
- ✓ Успешно беше продолжено учеството на нашиот факултет во двете CEEPUS мрежи во академската 2023/24 година, HU-0028-18-2425 - Active Methods in Teaching and Learning Mathematics, Informatics and their Applications и CEEPUS Network CIII-AT-0042-20-2425: Image Processing, Information Engineering & Interdisciplinary Knowledge Exchange. (локален координатор и за двете мрежи е Проф. Д-р Елена Хаџиева).
- ✓ За презентирање на можностите на CEEPUS мрежите беше организирана инфо-средба на УИНТ, на која колегите и студентите беа запознаени со можностите кои ги нуди програмта за студентски и наставнички мобилности, а беа и споделени искуства на поранешни корисници на стипендијата. Инфо-средбата се одржа на 31.10.2023г, презентираше Проф. Д-р Елена Хаџиева.
- ✓ Учество на вонр. проф. Мерсиха Исмајлоска во проектот „Финансиска писменост за млади претприемачи-FinYes" на Здружение на граѓани ЦЕФЕ Македонија, поддржан и кофинансиран од страна на Американската Амбасада во Скопје
- ✓ Во просториите на Културно-информативниот центар на Република С. Македонија во Загреб, Хрватска на 8 мај 2023, вонреден професор д-р Мерсиха Исмајлоска одржа уметничка вечер насловена „Филмот како магија". Учесници освен неа беа и проф. д-р Никица Гилиќ од Филозофскиот факултет при Унверзитетот во Загреб, филмолог и

Зденко Башиќ, уменик. Настанот беше поддржан од Министерството за култура на Република С. Македонија.

- Учество на д-р Горан Шибаковски на семинар “Regional resilience-building: Increasing awareness of the hybrid threats – Strengthening resilience in the Western Balkans” во организација на International Visegrad Fund & Euro-Atlantic Council of N. Macedonia, Охрид, Р. С. Македонија, 5-8 мај 2023 год. (physical presence).
- Учество на д-р Горан Шибаковски на семинар “Balkan Cybersecurity Days” во организација на Geneva Centre for Security Sector Governance (DCAF) и во партнерство со Forum of Incident Response and Security Teams (FIRST) и Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти (MKD-CIRT), Охрид, Р. С. Македонија, 16-18 мај 2023 год. (physical presence).
- Учество на д-р Горан Шибаковски како презентер на “National Symposium on Countering Disinformation in the Western Balkans”, Скопје, Р. С. Македонија, 3 октомври 2023 год. (online presence).
- Учество на д-р Горан Шибаковски како надворешен експерт - преставник од Р. С. Македонија во имплементација на проект “Varieties of Democracy Project (V-Dem)” во рамки на V-Dem Institute, Department of Political Science, University of Gothenburg, Sweden, јануари 2024 год.
- Учество на д-р Горан Шибаковски како претседавач на меѓународен научен панел “Information and Democracy” во рамки на Virtual Research Meeting 2024 на American Political Science Association (APSA), 8-9 февруари 2024 год. (online presence).
- Учество на д-р Горан Шибаковски како предавач на меѓународен научен-стручен собир “Cultural Heritage and Tourism: International Standards and Local Decelopment”, 17-18 април 2024 год., Охрид, Р. С. Македонија (physical presence).
- Учество на д-р Горан Шибаковски на семинар “Excellent Education for Capacity Building in Smart City based on Applied AI” во организација на University of Library Studies & Information Sciences (ULSIT), Софија, Бугарија, 22 мај 2024 год. (physical presence).
- Учество на д-р Расим Салкоски во проект HealthTech Трансформација, кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, ФИТР 2024. Фаза на финална селекција.
- Учество на д-р Расим Салкоски во проект CardioTech Трансформација, кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, ФИТР 2024. Фаза на финална селекција.
- Презентација на вон. проф. д-р Атанас Христов на трудот ”Leveraging Deep Learning Techniques for Linguistic Data Analysis” Ljubinka Sandjakoska, Atanas Hristov, на “6th NexusLinguarum Plenary Meeting” во Атина, Грција на 20 и 21 Март 2024
- Учество на вонр. проф. Анис Сефиданоски на меѓународен симпозиум за вештачка интелигенција организиран од Институт за комуникациски студии https://iks.edu.mk/novosti/kako-veshtachkata-inteligencija-da-se-integrira-vo-nastavata-i-mediumite-megjunaroden-simpozium-na-iks-i-ireks/
- Изработка на нов концепт на паметен споменик, поддржан од Фондот за иновации и технолошко развој од страна на вонр. проф. Анис Сефиданоски. https://it.mk/ohrid-go-dobi-spomenikot-na-idninata/
- Редовно објавување на научни статии од областа на ИКТ во секој број на Емитер - списание за наука и техника, од вонр. проф. Анис Сефиданоски https://emiter.mk/Content.aspx?idMenu=10&num=19

- ✓ Учество на М-р Лина Милошевска на настанот ICT day for Girls на 25.04.2024 под покровителство на УСАИД и CIDR со презентација Exploring Linguistics and Cyber Careers - Bridging Language and Technology.

## 4.2. ОДОБРЕНИ ПРОЕКТНИ ГРАНТОВИ И ПОДНЕСЕНИ ПРОЕКТНИ АПЛИКАЦИИ

- Одобрена апликација за проект: IPA ADRION00294 JOINABLE - Заеднички пристап кон сината кружна економија.
- Добиен грант за Еразмус КА 171 КА 171 проект 2023-1-MK01-KA171-HED-000113448 во партнерство со Бразил и Јужна Африка со вкупен буџет: 6 520,00 еур
- Добиен грант за Еразмус КА131 проект (во износ од 39,369.00 евра).
- Апликација за проект: Interreg (VI-A) IPA CBC "Greece-North Macedonia 2021-2027" Hermes Shield: Agroforestry and Climate Resilience Initiative (HS-ACRI)
- Апликација за проект: Interreg (VI-A) IPA CBC "Greece-North Macedonia 2021-2027" "Adapting Entrepreneurship to ESG driven sustainable development"
- Апликација за проект: Interreg (VI-A) IPA CBC "Greece-North Macedonia 2021-2027" Management System of Urban Green and Open Spaces
- Апликација за проект: Interreg (VI-A) IPA CBC "Greece-North Macedonia 2021-2027" BIOIVA Onsite digital technologies for BioDIVersity preservation of protected Areas and blue and green infrastructures
- Апликација за проект "WEBALKAI – EU and WEstern BALKan through AI integration",Call: ERASMUS-EDU-2024-EUR-UNIV-1
- Апликација за проект ERASMUS-EDU-2024-CB-VET mPreneur 2.0
- Апликација за проект Erasmus+/ESC Programme to TR01 - THE CENTRE FOR EUROPEAN UNION EDUCATION AND YOUTH PROGRAMMES
- Artificial Intelligence Hub (AIHub) - на повик GÉANT Innovation Programme (ref: GÉANT_Innovation), Call for proposals from GÉANT to encourage new work in research, education, societal, environmental or technological topics
- Interdisciplinary network for advances in Aging investigations and TreAtments of RElated DISeases",COST Open Call Proposal Reference OC-2023-1-26732

## 4.3. ЦЕНТАР ЗА ДИГИТАЛНИ УМЕТНОСТИ

Центарот за дигитални уметности иницира низа активности за вмрежување и воспоставување партнерство со слични центри и универзитети, како и истражувачи и иноватори од областа на дигиталните уметности, информатичките науки и технологии и креативните индустрии.

Центарот за дигитални уметности беше активно вклучен во промоција на Универзитетот преку проекти за унапредување на визуелниот идентитет на УИНТ, како и дизајн и изработка на промотивни материјали – брошури, фалери, постери, презентации, промотивни видеа итн.

## 4.4. УИНТ тест центар за ЕЦДЛ (European Computer Driving Licence)

ЕЦДЛ е светски признаена програма за потврдување на компјутрска писменост. Програмата овозможува развивање на ИТ вештини, надоградување на постоечкото знаење со што се подобруваат можностите за вработување бидејќи оваа програма е водечка светска програма за добивање и докажување на поседувањето на компјутерски вештини која е широко прифатена од работотдавачите во светски рамки.

## 5. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Универзитетот ја организира и спроведува издавачката дејност согласно усвоен Правилник за организирање на издавачка дејност на Универзитетот.

Универзитетот има активно научното списание Journal of UIST, кое ги обработува следниве теми: Communication & Network Technology, Cybersecurity, Distributed and Parallel Computing, Blockchain, Smart Systems & IoT, Data Science, Biomedical Engineering, Metaverse, Virtual and Augmented Reality, Automation & Robotics, Applied Mathematics, Business, Economy, Entrepreneurship & Management, Digital Art and New Media Art, Information Society & Digital Transformation. Објавен е повик за доставување на трудови, 8 (осум) трудови се во процес на рецензија.

## 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

### - ОСТВАРЕНА СОРАБОТКА СО СТРАНСКИ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ И ИНСТИТУТИ

Во насока на размена на искуства, овозможување размена на студенти, наставен и соработнички кадар, во периодот опфатен со Извештајот, продолжена е активноста кон зголемување на бројот на формално воспоставени соработки, пред сè со високообразовни установи и институти од странство.

Во периодот мај 2023 година-мај 2024 година воспоставена е соработка со следниве институции:

**Универзитети**

